Д. 16-5775

2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 7 мај 1975
Скопје
Број 16 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 5 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**135**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1 и 3 од Законот за помилување и член 85 од Кривичниот законик, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 21 април 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Изречената казна да му се прости на:

1. Стојан Зафир Јосифов, од Штип,
2. Славко Крстев Јовановски, од Охрид.

II

Неиздржаниот дел од казната да му се прости на:

1. Алит Џеват Сулејмановски, од Куманово,
2. Димитар Тодор Милев, од Скопје,
3. Јанакија Ристо Стојановски, од с. Костинци,
4. Томислав Иванов Панов, од Титов Велес.

III

Изречената казна да им се услови за 1 година на:

1. Томислав Александар Хаџи Василев, од Кавадарци,
2. Ферадин Мустафа Алиевски, од Битола,
3. Љубомир Драго Чановиќ, од с. Драчево,
4. Тодор Илија Петров, од Скопје,
5. Душан Стојан Серафимовски, од Куманово,
6. Димчо Стојан Ѓоргиовски, од Каменица,
7. Димче Тодор Чочков, од Титов Велес,
8. Ѓорѓи Ставре Пердулоски, од с. Велгошти,
9. Аритон Ѓорѓи Гичев, од Кратово.

IV

Изречената казна да им се услови за 2 години на:

1. Негослав Ристо Димитриевиќ, од Могила,
2. Симчо Ѓорѓиов Спировски, од Скопје.

V

Изречената казна да му се намали за 6 месеци на:

1. Коста Веле Илиевски, од Битола,
2. Димитар Панче Тасевски, од Битола,
3. Лиман Мустафа Сеидовски, од с. Град.

VI

Изречената казна да се замени со казна затвор и услови за 1 година на:

1. Владимир Трајче Видановски, од Битола.

VII

Изречената казна да му се намали за 1 година на:

1. Ердован Синан Демчевски, од с. Козјак.

VIII

Од неиздржаниот дел од казната да му се прости 6 месеци на:

1. Љупчо Панче Стојановски, од Скопје.

IX

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 06-164
21 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски**, с. р.

---

**136**

Врз основа на член 19, став 4 од Одлуката за надоместокот на личен доход и трошоците на пратениците и функционерите што ги избира и именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 5/73), а во согласност со Општествениот договор за изменување и дополнување на Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници во општествените дејности („Службен весник на СРМ“ бр. 11/75), Административната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница одржана на 22. IV. 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ НА ДЕЛЕГАТИТЕ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА И ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СРМ

I

Висината на дневниците за службено патување во земјата на делегатите и функционерите што ги избира и именува Собранието на СР Македонија изнесува 250 динари.

II

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката на Административната комисија бр. 11-3103 од 26 декември 1973 година.

III

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 11-948
22 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Административната комисија,
**Бурхан Адеми**, с. р.

**137**

Врз основа на Заклучокот на Заедничката комисија на потписниците на Посебниот општествен договор од 18. IV. 1975 година, во согласност со член 6 од Општествениот договор за изменување и дополнување на Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници во општествените дејности („Службен весник на СРМ“ бр. 11/75) и член 14 од Посебниот општествен договор („Службен весник на СРМ“ бр. 2/75), Административната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, врз основа на член 184 од Деловникот на Собранието на СР Македонија и член 21, став 2 од Одлуката за надоместокот на личниот доход и трошоците на пратениците и функционерите што ги избира и именува Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 5/73), на седницата одржана на 22. IV. 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШЕН ОДМОР ВО 1975 ГОДИНА

I

На делегатите и функционерите кои примаат надоместок на личен доход според Одлуката за надоместокот на личен доход и трошоците на пратениците и функционерите што ги избира и именува Собранието на СР Македонија, да им се исплати надоместок за користење на годишен одмор во 1975 година во висина од 1.236,00 динари, што претставува 60% од просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството на Републиката во претходната 1974 година.

II

Правото од точка 1 на оваа одлука им припаѓа и на републичките пратеници и функционери што остваруваат личен доход во Собранието на СР Македонија според Законот за работата и правата на републичките пратеници и функционери на кои им престанува функцијата.

III

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 11-949
22 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Административната комисија,
**Бурхан Адеми,** с. р.

---

**138**

Врз основа на член 2 од Одлуката за надоместокот на личен доход и трошоците на пратениците и функционерите што ги избира и именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 5/73), Административната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница одржана на 22. IV. 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАДОМЕСТОК НА ИЗГУБЕНАТА ЗАРАБОТУВАЧКА НА ДЕЛЕГАТИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

На делегатите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, кои, поради учество во работата на телата на Собранието чии членови се, поради вршењето на други работи по одлука на телата на Собранието, нивните претседатели или по одлука на претседателот на Собранието, не остваруваат личен доход на работното место во организацијата на здружениот труд или во друга организација, државен орган или личен доход од самостојна дејност, им се пресметува надоместок на неостварениот личен доход и тоа:

I

На делегатите што се во работен однос врз основа на потврда од организацијата на здружениот труд или друга организација за висината на неостварениот личен доход или за просечниот личен доход што го оствариле во последните три месеци односно година дена, ако е тоа за нив поповолно.

II

На делегатите кои остваруваат личен доход од самостојни дејности и на индивидуалните земјоделски производители, им се исплатува надоместок во висина од 200 динари за секој работен ден.

III

На организациите на здружениот труд и другите организации, по нивно барање, им се рефундира износот на личниот доход што го исплатуваат на делегатите за учество во работата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и неговите тела.

IV

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 11-950
22 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Административната комисија
**Бурхан Адеми,** с. р.

---

**139**

Врз основа на член 3, став 2 од Законот за Републичкиот буџет за 1975 година („Службен весник на СРМ“, бр. 49/74), Извршниот совет на Собранието на СРМ донесува

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕНТОТ ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ И ДИНАМИКАТА ЗА ПРЕВЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ФОНДОТ НА СОЛИДАРНОСТА СО НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ И ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ ВО 1975 ГОДИНА

1. Од остварените приходи од основниот данок на промет, наплатени по тарифниот број 1 од Тарифата на основниот данок на промет, во 1975 година претходно ќе се издвојува 2,7% за Фондот на солидарноста со неврзаните земји и земјите во развој, но најмногу до износ од 19.000.000 дин.

2. Средствата од претходната точка ќе се издвојуваат на посебна сметка на Републиката што ќе се отвори кај Службата на општественото книговодство Филијала 40100 — Скопје, од која тримесечно, во рок од 25 дена по истекот на секое тримесечје ќе се преведуваат на посебната сметка на Фондот кај Службата на општественото книговодство на Југославија.

Преведувањето на средствата ќе го врши Републичкиот секретаријат за финансии.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“, а ќе се применува од 1. I. 1975 година.

Бр. 12-536/1
28 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**140**

Врз основа на член 50 од Законот за семе („Службен весник на СРМ“ бр. 18/73), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

# УПАТСТВО
## ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ И РЕГИСТАРОТ НА ДОРАБОТУВАЧИ НА СЕМЕ

1. Начинот на водењето на регистарот на производители на семе и регистарот на доработувачи на семе (во понатамошниот текст: регистри) се врши според одредбите од ова упатство.

2. Регистрите се водат според обрасците бр. 1 и бр. 2 што се составен дел на ова упатство.

3. Регистрите се водат во вид на тврдо поврзана книга, чии страни се нумерирани, прошиени, потпечатени и заверени од републичкиот секретар за земјоделство и шумарство.

4. На еден лист од регистарот можат да се внесуваат податоци, со црно мастило, само за еден производител односно доработувач на семе.

Во случај на погрешно запишување исправката се врши со прецртување на погрешното, при што прецртаното мора да е читливо. Новиот текст се внесува над прецртаното со црвено мастило.

Секое запишување и поправка на запишаното се потпишува од службеното лице што го води регистарот.

5. Податоците за настанатите промени, по запишувањето, се внесуваат во регистарот во графата „промени“, по ред, според добиеното известување за тие промени. Кон секоја промена се наведува основот за нејзиното запишување во регистарот.

6. Врз основа на решението со кое се става вон сила актот со кој е запишана организацијата на здружениот труд истата се брише од регистарот.

7. Документацијата и другите списи што се во врска со регистрирањето на организацијата на здружениот труд се чуваат одделно и се составен дел на регистарот.

8. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 10-783/1
1 април 1975 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**д-р Јанко Лазаревски,** с. р.

Формат 430 x 300

Образец бр. 1

### РЕГИСТАР НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ

| Датум и број на пријавата | Датум и број на решението за запишување во регистарот | Датум на запишувањето во регистарот | Организација на здружен труд | | | Вид на семето за чие производство се регистрира | Ќе произведува основно семе-елита од културата | Сопствени површини за производство на семе во ха | Стручњаци со специјализација за производ. на семе од | | Сопствени површини на семенски плантажи, семенски насади или единични стебла | Располага со | | Стручна контрола над производството на семе | | Промени | Заверка од овластен стручњак | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Име | Седиште | Општина | | | | Нивски култури | Градинарски култури | | Потребна опрема за извршување на сите фази од производството на семе | Складиштен простор за натурално семе — вагони | Сопствена | Од друга организација на здружен труд | | | |

Регистарски број ———

Образец бр. 2

### РЕГИСТАР НА ДОРАБОТУВАЧИ НА СЕМЕ

| Датум и број на пријавата | Датум и број на решението за запишување во регистарот | Датум на запишувањето во регистарот | Дали е запишана и во регистарот на производители на семе | Организација на здружен труд | | | Вид на семето за чија доработка се регистрира | Стручњаци со специјализација на доработка на семе од | | Располага со | | Стручна контрола на квалитетот на семето | | Промени | Заверка од овластен стручњак | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Име | Седиште | Општина | | Нивски култури | Градинарски култури | Потребна опрема за извршување на сите фази од доработка на семе (да се наведе по видови и марки) | Складиштен простор за доработка, сместување и чување на одделни видови, сорти и категории семе — вагони | Сопствена | Од други организации на здружен труд | | | |

**141**

Врз основа на член 39, во врска со член 13 од Законот за архивската дејност („Службен весник на СРМ“, бр. 47/73), Архивот на Македонија донесува

## УПАТСТВО
## ЗА ЕДИНСТВЕНО ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА АРХИВСКАТА ГРАЃА

Член 1

Архивската граѓа се евидентира заради нејзината заштита и користење.

Евидентирањето се врши по единствени методи и задолжително според одредбите на ова упатство.

Член 2

Евидентирањето се врши на целокупната архивска граѓа што се наоѓа во архивите, кај државните органи, организациите на здружениот труд, самоуправните интересни заедници и другите организации и заедници, граѓанско-правните лица и поединци (иматели на архивска граѓа).

Евидентирањето од претходниот став го вршат архивите, односно имателите на архивската граѓа.

Член 3

Основна единица на евидентирањето на архивската граѓа е фонд, односно збирка.

Член 4

Имателите на архивска граѓа евидентирањето го вршат по одбирањето на архивската граѓа од регистратурскиот материјал.

Имателите на архивска граѓа се должни евиденциите на архивската граѓа да ги доставуваат до надлежниот архив секоја година до крајот на првото тримесечје.

Член 5

За секоја основна единица (фонд или збирка) се води посебна евиденција.

Евиденциите од претходниот став треба да ги опфатат следните податоци:

— називот на творецот на архивскиот фонд, односно збирка;

— година од која потекнува архивската граѓа;

— попис и опис на архивската граѓа;

— количеството на архивската граѓа изразено во листови;

— физичка состојба на архивската граѓа (образец бр. 1).

За архивската граѓа што се наоѓа надвор од архивите, а истите по законот се должни да ја преземат, се води посебна евиденција.

Во натамошната работа врз архивската граѓа во архивите, евиденциите се надополнуваат со структурата на граѓата и со подетален приказ на податоците од став 2 на овој член.

Член 6

Врз основа на евиденцијата од член 5 на ова упатство, архивите посебно водат збирни евиденции за целокупната архивска граѓа што ја чуваат (општ инвентар или преглед на архивската граѓа) по области на дејностите.

Член 7

Врз основа на посебните евиденции за архивската граѓа што се чува кај имателите на архивска граѓа, надлежниот архив води евиденција во вид на досиеја на регистратурите.

Досието на регистратури содржи:

— историјат на творецот на фондот;

— документација за одбирањето на архивската граѓа од регистратурскиот материјал;

— план на архивските знаци и листите за категоризација на архивската граѓа;

— документација за преземање на архивската граѓа и мерките за заштита на архивската граѓа.

Член 8

Архивите водат евиденција за преземената архивска граѓа (инвентарна книга за примена архивска граѓа и влезна картотека) според хронолошкиот ред на преземената архивска граѓа.

Член 9

По обработката на архивската граѓа во архивите се формира досие на фонд.

Досието на фондот содржи, покрај документацијата од чл. 7 на ова упатство и документација што се создава при обработката на фондот (класификационен план со план за работа и историска белешка).

Член 10

За архивската граѓа во архивите се изработуваат научно-информативни помагала (водичи, инвентари, каталози и сл.).

Член 11

Евидентирањето од член 5 на ова упатство имателите на архивска граѓа го вршат за архивската граѓа создадена и обработена од 1 јануари 1969 година.

Архивската граѓа создадена до 1 јануари 1969 година им се предава на надлежните архиви само со попис на архивската граѓа (образец бр. 2).

Член 12

Обрасците од член 5 и 11 се составен дел на ова упатство.

Член 13

Ова упатство влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 01-185/1-75
3 март 1975 година
Скопје

Директор,
**Димче Стојанов — Мире**, с. р.

Образец бр. 1

(Назив на творецот на архивскиот фонд)

ПОПИС и ОПИС
НА АРХИВСКАТА ГРАЃА ЗА 19....... година

| Реден број | Архивски знак и деловоден број на актот или предметот | Опис на актот или предметот | Број на листови | Физичка состојба на архивската граѓа | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

Образец бр. 2

(Назив на творецот на архивскиот фонд)

ПОПИС НА АРХИВСКАТА ГРАЃА ЗА 19......... год.

| Реден број | Архивски знак | Сумарен опис | Количество во фасцикли, кутии и сл. должински метри | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 0101 | Самоуправни општи акти на организацијата (статути, правилници, акти за основањето, регистрацијата, систематизацијата и сл.) | 5 кутии | |

**142**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја законитоста на Одлуката за измена и дополнување на Урбанистичкиот план на град Кратово бр. 06-1407, донесена од Собранието на општината Кратово, на седницата одржана на 20 мај 1974 година („Службен гласник на општина Кратово" бр. 2 од 1 јули 1974), по јавната расправа одржана на 2 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за измена и дополнување на Урбанистичкиот план на град Кратово бр. 06-1407, донесена од Собранието на општина Кратово на седницата одржана на 20 мај 1974 година („Службен гласник на општина Кратово" бр. 2 од 1 јули 1974 година).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општина Кратово".

3. Уставниот суд на Македонија со решение У. бр. 32/74 од 5 февруари 1975 година по сопствена иницијатива поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со членовите 28, 29 и 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на СРМ" бр. 15/73).

4. Во текот на претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека со оспорената одлука во урбанистичкиот план на градот Кратово се вршат измени кои се состојат во вцртување на пет локации за изградба на станбени згради со Р + 1 со димензии 8 х 8,50 метри и на шест локации за изградба на деловни простории со димензии 5 х 6 метри. Судот исто така утврди дека оваа одлука е донесена без претходно да биде обезбедена соработка со заинтересираните органи и организации и без да биде ставена на јавен увид.

Според ставот 1 на член 33 од Законот за просторно и урбанистичко планирање просторните планови, урбанистичките студии и основните урбанистички планови можат да се изменат и дополнат доколку битно се изменат економските услови според кои се донесени или ако е неопходно поради дејство на виша сила. Ваквите измени и дополнувања на плановите, според членот 35 од законот, се вршат по истата постапка по која се донесуваат и самите планови. Така, во членот 28 од законот е определено при изработувањето на просторните и урбанистичките планови да се обезбеди соработка на сите заинтересирани организации на здружениот труд и други организации, а во ставот 1 на член 29 од законот е предвидено просторното и урбанистичкото планирање во сите фази на изработувањето задолжително да се стават на јавен увид. По исклучок, согласно ставовите 1 и 2 на член 34 од овој закон, измени и дополнувања на плановите за реализација од помал обем (измена на габаритот на објектот, доградба и надградба на објектот, измена на намената на објектот и нивелационата и регулационата линија), можат да се вршат врз основа на пропис на општината што се донесува едновремено со планот за реализација со тоа што овие измени не смеат да бидат во спротивност со основниот урбанистички план.

Со оглед на тоа што вцртувањето на нови локации во постојниот урбанистички план според мислењето на Судот не може да се смета за негова измена од помал обем во смисла на ставот 1 на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Судот смета дека оспорената одлука не е во согласност со членовите 28, 29 и 35 од овој закон.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 32/74
2 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

---

## РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОБРАНИЈАТА НА РЕПУБЛИЧКИТЕ САМОУПРАВНИ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ДО СОБРАНИЕТО НА ОПШТАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СКОПЈЕ

**143**

Републичката изборна комисија за избор на делегати во Собранијата на републичките самоуправни интересни заедници ги прими од општинските изборни комисии за избор на делегати во собранијата на републичките самоуправни интересни заедници записниците за утврдување на резултатите од изборите за делегати во општата заедница на образованието, и откако ги разгледа, во смисла на член 47 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 8/74), го поднесува следниот

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО ОПШТАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

I. Изборот на делегатите во општата заедница на образованието, согласно одлуката на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија бр. 12-665/1 од 11 март 1974 година, објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 11/74 год., се одржаа на 12 април 1974 година и тоа за кандидатите од листите на кандидати што беа огласени од надлежните општински изборни комисии.

II. Резултатите од изборот на делегатите во Собранието на Општата заедница на образованието по делегатски единици, ги утврдија општинските изборни комисии за избор на делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници формирани за територијата на Републиката, на начин утврден во член 43, 44 и 45 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници.

III. Листата на кандидатите за делегати во Собранието на општата заедница на образованието по делегатски единици ги огласија надлежните општински изборни комисии согласно член 35 од споменатиот закон и ги доставија на делегациите на соодветните самоуправни организации и заедници.

IV. Со спроведувањето на изборите за изборот на делегатите во Собранието на оваа самоуправна интересна заедница раководеа општинските изборни комисии именувани од Републичката изборна комисија со решение бр. 39 од 1. IV. 1974 година, под надзор на Републичката изборна комисија.

V. Републичката изборна комисија ги прегледа записниците за утврдување на резултатите од изборот на делегатите во Собранието на Општата заедница на образованието и во утврдувањето на резултатите за изборот на делегатите најдените неправилности што имаат битно влијание на ре-

зултатот од изборите, во одделни делегатски единици се констатирани во точка VIII на Извештајот.

VI. На избраните делегати надлежните општински изборни комисии во смисла на член 46 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници им издадоа уверенија дека се избрани.

VII. Резултатите од изборот, по делегатски единици, според одлуката за определување на бројот на делегатите во Собранието на Општата заедница на образованието и за утврдување делегатските единици и бројот на делегатите што се избираат во секоја делегатска единица, број 12-544/1 од 22. II. 1974 година („Службен весник на СРМ" бр. 11/74) и одлуката со која се распишани изборите се следните:

А. Во делегатските единици за избирање на делегати од редот на делегациите во основните самоуправни организации и заедници образувани од работниците и другите работни луѓе, кои остваруваат свои лични и заеднички потреби и интереси во насоченото образование (корисници на услугите) се избрани 40 делегати и тоа во следните делегатски единици:

1. Во делегатската единица Берово I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Илија Кацарски, хемиски техничар во ОЗТ „Црвена Звезда" — Пехчево.

2. Во делегатската единица Битола, Демир Хисар I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Павле Талевски, рударски техничар во Рудници и железара „Скопје", погон Сопотница.

Во делегатската единица Битола, Демир Хисар II, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Јорданка Ѓорѓиева, КВ работник во текстилната фабрика „Пелистер" — Битола.

Во делегатската единица Битола, Демир Хисар III, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Крстевски Александар, професор во Земјоделското училиште — Битола.

3. Во делегатската единица Гостивар I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Музафер Аручи, на работа во фабриката „Силика" — Гостивар.

4. Во делегатската единица Дебар I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Павле Андоновски, ВКВ машин бравар во ХЦ „Шпиље" — Дебар.

5. Во делегатската единица Делчево I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот инж. агроном Павле Салтиров, на работа во „Југотутун" — Делчево.

6. Во делегатската единица Гевгелија, Валандово I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Александар Стојчев, на работа во ЗИК „Анска река" — Валандово.

7. Во делегатската единица Кавадарци I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Перо Крстев, на работа во претпријатието за обработка на тутун „Мара Димова" — Кавадарци.

8. Во делегатската единица Кичево, Македонски Брод I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Веби Азири, работник во фабриката „Тане Цалески" — Кичево.

9. Во делегатската единица Кочани, Виница I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Владо Богоевски, од Виница.

10. Во делегатската единица Кратово, Крива Паланка I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Томислав Коцевски, директор на гимназијата „Митко Пенчуклиски" од Кратово.

11. Во делегатската единица Куманово I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Киро Цветановски, КВ брусач во ФЗЦ, ООЗТ одржување ремонт и енергетика — Куманово.

Во делегатската единица Куманово II, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Томислав Велковски, на работа во ООЗТ преработка во ЗИК „Куманово" — Куманово.

12. Во делегатската единица Неготино I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Трајче Бојаџиев, хемиски техничар во ООЗТ Винарска визба ЗИК „Повардарие" — Неготино.

13. Во делегатската единица Охрид I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Илија Вранишкоски, на работа во ГП „Гранит", III градилиште — Охрид.

Во делегатската единица Охрид II, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Оливера Антолек, на работа во „Интеримпекс" „Палас" — Охрид.

14. Во делегатската единица Прилеп, Крушево I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Кирил Соколовски, на работа во ДИК „Црн бор" — Прилеп.

Во делегатската единица Прилеп, Крушево II, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Даница Фидановска, на работа во Централното основно училиште „Никола Карев" — Крушево.

15. Во делегатската единица Радовиш I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Ванчо Андонов, на работа во рудникот за бакар „Бучин" — Радовиш.

16. Во делегатската единица Ресен, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Методија Волкановски, на работа во шумско индустриското претпријатие „Преспа" од Ресен.

17. Во делегатската единица Свети Николе I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Јанко Ѓорѓиевски, на работа во ООЗТ с. Горобинци ЗИК „Свети Николе" — Свети Николе.

18. Во делегатската единица Скопје I, според утврдениот резултат од изборите за делегати се избрани кандидатите Драган Василевски, на работа во Електростопанство — Скопје и Зајадин Един, на работа во фабриката за кожи „Гоце Делчев" — Скопје.

Во делегатската единица Скопје II, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Димитар Бандевски, на работа во градежното претпријатие „Гранит" — Скопје.

Во делегатската единица Скопје III, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Никола Догазански, на работа во ЖТП — Скопје.

Во делегатската единица Скопје IV, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Ленче Најденова, на работа во ООЗТ „Словенија вино", погон Скопје.

Во делегатската единица Скопје V, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Билјана Мукаетова, на работа во Заводот за станбено комунално стопанисување — Скопје.

Во делегатската единица Скопје VI, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Спиро Секуловиќ, на работа во ВП с. Петровец.

Во делегатската единица Скопје VII, според утврдениот резултат од изборите за делегати се избрани кандидатите Гога Трајков, член на операта на Македонскиот народен театар — Скопје, и Ристо Стиков на работа во РТВ — Скопје.

19. Во делегатската единица Струга I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Ѓоко Жупаноски, ВКВ работник во фабриката „Стружанка" — Струга.

20. Во делегатската единица Струмица I, според резултатот од изборите за делегат е избран кандидатот Драгица Костова, на работа во ООЗТ. Тополарство — Струмица.

Во делегатската единица Струмица II, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Коста Христов, на работа во „Траншпед Македонија" — Струмица.

21. Во делегатската единица Тетово I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Павле Томовски, ВКВ работник во фабриката „Тетекс" — Тетово.

Во делегатската единица Тетово II, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Расиме Мемети, медицинска сестра во Медицинскиот центар — Тетово.

22. Во делегатската единица Титов Велес I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Димче Каргов, квалификуван работник во фабриката „Нонча Камишова" — Титов Велес.

Во делегатската единица Титов Велес II, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Вера Велкова, на работа во Трговското претпријатие „Даб" — Титов Велес.

23. Во делегатската единица Штип, Пробиштип I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Љубе Спасовски, рударски техничар во рудникот „Злетово" — Пробиштип.

Во делегатската единица Штип, Пробиштип II, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Деница Кангалова, на работа во органот на управата на Собранието на општината Штип.

Б. Во делегатските единици за избирање на делегати од редот на делегациите во основните организации на здружен труд образувани од работниците во насоченото образование (даватели на услугите) се избрани 38 делегати и тоа во следните делегатски единици:

1. Во делегатската единица Берово, Делчево I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Вера Зографска, професор при гимназијата во Берово.

2. Во делегатската единица Битола I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Никола Трендафиловски, професор во Вишата техничка школа во Битола.

Во делегатската единица Битола II, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Јанко Илиевски, професор во гимназијата „Јосип Броз Тито" — Битола.

3. Во делегатската единица Гевгелија, Валандово I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Миле Корнаков, професор во гимназијата „Јосиф Јосифовски" — Гевгелија.

4. Во делегатската единица Гостивар, Кичево I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Живе Степаноски, професор во училишниот центар Гостивар.

5. Во делегатската единица Кавадарци, Неготино I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Милан Наумов, професор во Мелиоративно-лозарското училиште „Тоше Велков Пепето" — Кавадарци.

6. Во делегатската единица Кочани, Виница I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Душко Стојков, професор во ЕМУЦ — Кочани.

7. Во делегатската единица Кратово, Крива Паланка, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Стеван Величковски, професор во гимназијата „Моша Пијаде" — Крива Паланка.

8. Во делегатската единица Куманово I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Петар Карафиловиќ, наставник во периодичното училиште „Перо Наков" — Куманово.

9. Во делегатската единица Охрид, Ресен I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Коста Нанчоски, професор во Вишата угостителско-туристичка школа — Охрид.

Во делегатската единица Охрид, Ресен II, општинската изборна комисија спроведените избори ги поништи поради неправилности во спроведувањето на изборите во смисол на член 43 од Законот и определи повторно гласање. За овој избор Републичката изборна комисија ќе поднесе дополнителен Извештај.

10. Во делегатската единица Прилеп, Крушево II, според утврдените резултати од изборите за делегат е избран кандидатот Љубица Јованоска, на работа во Дрвното училиште „Трајко Бошкоски — Тарцан" — Прилеп

Во делегатската единица Прилеп, Крушево I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот м-р Милан Ѓорѓиески, професор во Вишата економска школа Прилеп.

11. Во делегатската единица Пробиштип, Свети Николе I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Комнен Гиновиќ, професор во Рударското училиште — Пробиштип.

12. Во делегатската единица Скопје I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Владо Шарковски, професор во ЕМУЦ „Никола Тесла" — Скопје.

Во делегатската единица Скопје II, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Елена Ѓурковиќ, професор во економското училиште „Борис Кидрич" — Скопје.

Во делегатската единица Скопје III, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Јован Шарац, професор во гимназијата „Орце Николов" — Скопје.

Во делегатската единица Скопје IV, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Александра Масин, на работа во Автосообраќаен училишен центар — Скопје.

Во делегатската единица Скопје V, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Светислав Бачев, на работа во Работничкиот универзитет — Скопје.

Во делегатската единица Скопје VI, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Киро Поповски, на работа во Републичкиот завод за школство — Скопје.

Во делегатската единица Скопје VII, според утврдениот резултат од изборите за делегати се избрани кандидатите д-р Трајко Трајков, на работа во Медицинскиот факултет — Скопје и Муса Бешири, на работа во Медицинскиот факултет — Скопје.

Во делегатската единица Скопје VIII, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот м-р Ангел Ѓорѓиев, на работа во Економскиот факултет — Скопје.

Во делегатската единица Скопје IX, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот д-р Стефан Ѓорѓиев, професор на Правниот факултет — Скопје.

Во делегатската единица Скопје X, според утврдениот резултат од изборите за делегати се избрани кандидатите Димче Левков и Методија Соколовски, на работа во Филозофскиот факултет — Скопје.

Во делегатската единица Скопје XI, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Славица Димитровска, на работа во Природно-математичкиот факултет — Скопје.

Во делегатската единица Скопје XII, не е извршен избор на делегат. Општинската изборна комисија врз основа на член 50 од Законот ќе распише повторни избори. За овој избор Републичката изборна комисија ќе поднесе дополнителен Извештај.

Во делегатската единица Скопје XIII, според утврдениот резултат од изборите за делегати се

избрани кандидатите Миле Ѓорѓиев, доцент на Архитектонско-градежниот факултет — Скопје и Снежана Стефанова, асистент на Архитектонско-градежниот факултет во Скопје.

Во делегатската единица Скопје XIV, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Љубица Петрушевска, асистент во Технолошко-металуршкиот факултет — Скопје.

Во делегатската единица Скопје XV, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот инж. Јосиф Димовски, на работа во Земјоделско-шумарскиот факултет — Скопје.

Во делегатската единица Скопје XVI, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Петар Панов, на работа во Педагошката академија — Скопје.

Во делегатската единица Скопје XVII, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Димче Јакимовски, на работа во Вишата школа за физичка култура — Скопје.

Во делегатската единица Скопје XVIII, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Магдалена Цепаровска, на работа во Ученичкиот дом „Здравко Цветковски" — Скопје.

15. Во делегатската единица Струга, Дебар I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Крсто Чакар, професор во Градежниот училишен центар „Нико Нестор" — Струга.

16. Во делегатската единица Струмица, Радовиш I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Аница Хаџитосева, на работа во Вишата земјоделска школа — Струмица.

17. Во делегатската единица Тетово I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Хусеини Хурем, на работа во Средното медицинско училиште — Тетово.

18. Во делегатската единица Титов Велес I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Ратка Јанева, професор во ХТТУ „Борис Кидрич" — Титов Велес.

19. Во делегатската единица Штип I, според утврдениот резултат од изборите за делегат е избран кандидатот Василка Петковиќ, наставник во текстилниот центар — Штип.

VIII. Републичката изборна комисија му предлага на Собранието на општата заедница на образованието да не го верифицира мандатот на избраните делегати во следните делегатски единици:

Во делегатската единица Битола, Демир Хисар III, на избраниот делегат Александар Крстевски, професор во Земјоделското училиште — Битола, бидејќи е избран во делегатска единица која ја образуваат работници и други работни луѓе кои остваруваат свои лични и заеднички потреби и интереси во насоченото образование (корисници на услуги), а именованиот е член на делегацијата на основната организација на здружен труд која остварува дејност во областа на насоченото образование (даватели на услуги) со што е нарушен принципот на паритетна застапеност на делегатите од основните самоуправни организации и заедници образувани од работни луѓе кои остваруваат лични и заеднички потреби и интереси и делегати кои остваруваат дејност во областа на насоченото образование.

Во делегатската единица Кратово, Крива Паланка I, на избраниот делегат Томислав Коцевски, директор на гимназијата „Митко Пенчуклиски" од Кратово, бидејќи не може да биде член на делегацијата заради тоа што е работоводен орган и затоа што е избран во делегатска единица која ја образуваат работници и други работни луѓе кои остваруваат свои лични и заеднички потреби и интереси во насоченото образование (корисници на услуги) а именованиот е член на делегацијата на основната организација на здружен труд која остварува дејност во областа на насоченото образование (даватели на услуги), со што е нарушен принципот на паритетна застапеност на делегациите од основните самоуправни организации и заедници образувани од работни луѓе кои остваруваат лични заеднички потреби и интереси и делегати кои остваруваат дејност во областа на насоченото образование.

Собранието на Општата заедница на образованието ако го прифати предлогот на Републичката изборна комисија да не ги верифицира мандатите на избраните делегати Александар Крстевски и Томислав Коцевски и го поништи нивниот избор во смисла на член 48 став 3 и член 50 став 2 и 3 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници, треба да распише повторни избори и да го определи денот на нивното одржување и денот од кога почнуваат да течат роковите за изборните дејствија.

IX. Во прилог кон овој Извештај Ви ги доставуваме записниците на општинските изборни комисии за утврдување на резултатите од изборот на делегатите во Собранието на општата заедница на образованието.

Во Скопје, на ден 22. IV. 1974 година, број 79

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, **Никола Алексовски,** с. р.

Претседател, **Славе Петровски,** с. р.

Членови:
1. **Владо Црвенковски,** с. р.
2. **Живко Атанасовски,** с. р.
3. м-р **Славко Гелевски,** с. р.

**144**

ДО СОБРАНИЕТО НА ОПШТАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

СКОПЈЕ

Републичката изборна комисија за избор на делегати во собранијата на републичките самоуправни интересни заедници го прими од Општинската изборна комисија за избор на делегати во собранијата на републичките самоуправни интересни заедници — Скопје записникот за утврдување на резултатот од повторните избори за изборот на еден делегат (даватели на услуги) во Собранието на општата заедница на образованието што не се одржа на редовните избори на 12 април 1974 година и откако го разгледа, во смисла на член 47 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 8/74) го поднесува следниот

**ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПОВТОРНИОТ ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТ ВО СОБРАНИЕТО НА ОПШТАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

I. Повторните избори за избор на еден делегат во Собранието на општата заедница на образованието во делегатската единица Скопје XII (даватели на услуги) во која не беше извршен изборот на 12 април 1974 година, врз основа на член 50 од Законот ги распиша Општинската изборна комисија — Скопје за 17 мај 1974 година и тие се одржаа и тоа за кандидатот од листата на кандидатите што беше огласена од Општинската изборна комисија — Скопје.

II. Резултатите од повторните избори за изборот на делегатот во Собранието на општата заедница на образованието во погоре означената делегатска единица ги утврди Општинската изборна комисија за избор на делегати во собранијата на

самоуправните интересни заедници формирани за територијата на Републиката, на начин утврден во член 43, 44 и 45 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници.

III. Листата на кандидатите за делегати во Собранието на општата заедница на образованието ја огласи Општинската изборна комисија — Скопје согласно член 35 од Законот и ја достави на делегацијата на соодветната самоуправна организација — заедница.

IV. Со спроведувањето на повторниот избор за изборот на делегатот во Собранието на општата заедница на образованието раководеше Општинската изборна комисија — Скопје именувана од Републичката изборна комисија со решение бр. 39 од 1. IV. 1974 година, под надзор на Републичката изборна комисија.

V. Републичката изборна комисија го прегледа записникот за утврдување на резултатот од повторниот избор на делегатот во Собранието на општата заедница на образованието и во утврдувањето на резултатот за повторниот избор на делегатот не најде неправилности што би имале битно влијание на резултатот од повторниот избор.

VI. На избраниот делегат, Општинската изборна комисија — Скопје, во смисла на член 46 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници му издаде уверение дека е избран.

VII. Резултатот од повторниот избор е следен:

ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ:

Во делегатската единица Скопје XII, во која се избира еден делегат, изборот на редовните избори одржани на 12 април 1974 година, не е извршен.

Во оваа делегатска единица на повторните избори одржани на 17 мај 1974 година, според утврдениот резултат избран е кандидатот Костантин Димитров, Електромашински факултет — Скопје од Скопје.

VIII. Во прилог кон овој дополнителен извештај Ви се доставува записникот на Општинската изборна комисија — Скопје за утврдување на резултатот од повторниот избор на делегатот во Собранието на општата заедница на образованието.

Во Скопје, на ден 4. VI. 1974 година, број 79/2.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, **Никола Алексовски,** с. р.

Претседател, **Славе Петровски,** с. р.

Членови:
1. **Владо Црвенковски,** с. р
2. **Живко Атанасовски,** с. р.
3. **м-р Славко Гелевски,** с. р.

**145**

ДО СОБРАНИЕТО НА ОПШТАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СКОПЈЕ

Републичката изборна комисија за избор на делегати во собранијата на републичките самоуправни интересни заедници го прими од Општинската изборна комисија за избор на делегати во собранијата на републичките самоуправни интересни заедници — Битола записникот за утврдување на резултатот од повторниот избор на делегат во Собранието на Општата заедница на образованието и откако го разгледа, во смисла на член 47 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 8/74) го поднесува следниот

## ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПОВТОРНИОТ ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТ ВО СОБРАНИЕТО НА ОПШТАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

I. Повторните избори за избор на делегат во Собранието на Општата заедница на образованието во делегатската единица Битола, Демир Хисар III ги распиша Собранието на Општата заедница на образованието — Скопје за 27 јуни 1974 година (Одлука бр. 185/1 од 25. IV. 1974 година). Тие се одржаа и тоа за кандидатот од листата на кандидатите што беше огласена од Општинската изборна комисија — Битола.

II. Резултатите од повторните избори за изборот на делегатот во Собранието на Општата заедница на образованието во делегатската единица Битола, Демир Хисар III ги утврди Општинската изборна комисија за избор на делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници формирани за територијата на Републиката, на начин утврден во член 43, 44 и 45 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници.

III. Листата на кандидатите за делегати во Собранието на Општата заедница на образованието ја огласи Општинската изборна комисија согласно член 35 од Законот и ја достави на делегациите на соодветните самоуправни организации — заедници.

IV. Со спроведувањето на повторниот избор за изборот на делегатот во Собранието на Општата заедница на образованието раководеше Општинската изборна комисија — Битола именувана од Републичката изборна комисија со решение бр. 39 од 1. IV. 1974 година, под надзор на Републичката изборна комисија.

V. Републичката изборна комисија го прегледа записникот за утврдување на резултатот од повторниот избор на делегатот во Собранието на Општата заедница на образованието и во утврдувањето на резултатот за повторниот избор на делегатот не најде неправилности што би имале битно влијание на резултатот од повторниот избор.

VI. На избраниот делегат Општинската изборна комисија — Битола, во смисла на член 46 од Законот за избор на делегации и делегати во собранијата на самоуправните интересни заедници му издаде уверение дека е избран.

VII. Резултатот од повторниот избор е следен:

